**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2021 ГОДИНА

Скопје, мај 2022 година

**МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2021 ГОДИНА**

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) ги извршуваше своите активности во текот на 2021 година во согласност со законите, Статутот на СБ и интерните прописи.

2. Управниот одбор беше одговорен за извршување и следење на сите активности поврзани со постигнувањето на буџетските цели. Исполнувањето на поставените цели беше следено од Надзорниот одбор на редовна основа. Покрај тоа, Надзорниот одбор ги разгледуваше кварталните извештаи на Управниот одбор (кои содржат и нумерички и описни податоци, како и активностите на Одборот за управување со ризици) и доследно ги проценуваше активностите преземени за постигнување на поставените цели.

3. Имајќи ги предвид перформансите на СБ во 2021 година, како што е прикажано во Годишниот извештај, Надзорниот одбор потврдува дека СБ продолжи со успешното работење и покрај предизвиците со кои се соочуваше во текот на целата година, и постигна многу добри резултати. Овој позитивен исход го одразува успехот на долгорочната стратегија на Банката, која постојано се спроведува по преземањето на Банката од страна на НБГ во 2001 година. Надзорниот одбор со задоволство известува за уште една успешна година во која СБ ја потврди својата водечка позиција на пазарот и заедницата.

4. Како и претходните години, Банката исто така имаше значителен придонес за поширокатa заедница со своите проекти за општествена одговорност (ООП). Сепак, поголемиот дел од активностите на ООП на СБ во 2021 година беа насочени кон помагање на државниот здравствен систем во справување со пандемијата со донирање, во неколку наврати, вредна медицинска опрема.

5. Годишниот извештај дава целосен преглед на работењето на СБ во 2021 година и остварените финансиски резултати. Следејќи го Законот за трговски друштва и Правилата за котација на Македонската берза, Годишниот извештај систематски и темелно ги прикажува работењето на деловните линии на Банката, контролните функции, макроекономското опкружување во кое работеше Банката, како и истиот го вклучува Извештајот за корпоративно управување.

   Според наше мислење, Годишниот извештај на Стопанска банка АД - Скопје за 2021 година, фер и објективно го прикажува работењето на Банката во текот на 2021 година.

6. Надзорниот одбор им изразува благодарност на сите клиенти, вработени, партнери и акционери на СБ за нивната доверба и поддршка во текот на годината.

Н.О. бр----------/2022
29.04.2022
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседател,**
Маринис Стратопулос